РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
Бр. 08-851/ 4

14 -05- 2025

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот: [redacted], со адреса ул. [redacted] број [redacted] доставено преку е-маил, заведено со архивски број 08-851/1 од 24.04.2025 година, заменик директорот на имателот на информацијата – Агенција за администрација, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Барањето поднесено од [redacted] со адреса ул. [redacted] доставено преку е-маил, заведено со архивски број 08-851/1 од 24.04.2025 година, СЕ УВАЖУВА.
2. Службеното лице овластено за посредување со информациите од јавен карактер да ги достави бараните информации до барателот во форма и на начин наведени во барањето, во законски утврдениот рок.
3. Решението стапува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Барателот [redacted] до Агенцијата за администрација на ден 24.04.2024 година, поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое се бараат следните информации од јавен карактер:

1.„Број на активни огласи, според етничката припадност за 2023, 2024 до февруари 2025 година (број на извршители)“,

2.„Број на административно уредни и неуредни апликации, според етничката припадност за 2023, 2024 до март 2025 година“,

3.„Број на креирани профили на платформата на “пријава“, според етничката припадност за 2023, 2024 до март 2025 година“,

4.„Број на кандидати кои биле повикани на тестирање, според етничка припадност за 2023, 2024, до март 2025 година“,

5. „Број на кандидати кои биле повикани на интервју, според етничка припадност за 2023, 2024 до март 2025 година“,

6. „Број на избрани кандидати, според етничката припадност за 2023, 2024 до март 2025 година“,

7.„Дали на јавните огласи аплицирале роми и колку од примените лица се роми. Замолуваме да ни ги доставите одлуките за избраните кандидати роми.“.

Имајќи го во предвид фактот дека Агенцијата за администрација располага со бараните информации од јавен карактер за 2023 година, а согласно Одлуката на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр. 90/20 (Службен Весник на Република Северна Македонија број 210/2024 од 14.10.2024 година), за 2024 година Агенцијата за администрација располага со податоци за етничка припадност до 14.10.2024 година а за 2025 година, не располага со податоци за етничка припадност, односно не врши евиденција на овие податоци, постапувајќи согласно одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, следуваше да се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

ЗАМЕНИК ДИРЕКТОР,

Изработил:
Одобрил:
Согласен:
Одобрил:

Доставено до:
- Заменик директор;
- Барателот на информацијата;
-Сектор за правни работи и
-Архива.